# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 11/2024
## 08.07.2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Демир Капија**

Се објавува **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Демир Капија,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **05.07.2024** година.

**Бр.09-570 /1**
**08.07.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ “ бр.05/02 ), член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка ( Сл.весник на РМ “ бр.79/09 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Службен гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **05.07.2024** година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Демир Капија

### Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу **Општина Неготино** и **Општина Демир Капија** заради заради користење на интелектуални услуги во област на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ, помеѓу општините Неготино и Демир Капија.

### Член 2

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за давање услуги од страна на општинската администрација од општина Демир Капија за потребите на општинската администрација во Општина Неготино , а кои се однесуваат на вработено лице со Овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

### Член 3

Општина Неготино на општина Демир Капија ќе и плаќа паричен надомест соодветен на извршената услуга, определен во Договорот за воспоставување Меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-554/3** **Совет на Општина Неготино**
**05.07.2024 година** **Претседавач,**

**Пепица Ѓорѓиева с.р**

,

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува **Одлука за давање согласност на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **05.07.2024** година.

**Бр.09-570 /2**
**08.07.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ ,, бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), член 53 став 5 од Законот за основно образование ( Сл. весник на РСМ бр. 161/19, 229/20) Советот на општина Неготино на седница одржана на ден **05.07.2024** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

**Член 1**

Се дава согласност **ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици** предвиден со Законот за основно образование.

Согласноста се дава врз основа на Преглед на барана согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во **ООУ „Гоце Делчев**“ Неготино со бр. **08-236/2** од **20.06.2024** година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08-554/4** **Совет на Општина Неготино**
**05.07.2024 година** **Претседавач,**

**Пепица Ѓорѓиева с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува **Одлука за давање согласност на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **05.07.2024** година.

**Бр.09- 570/3**
**08.07.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ ,, бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), член 53 став 5 од Законот за основно образование ( Сл. весник на РСМ бр. 161/19, 229/20) Советот на општина Неготино на седница одржана на ден **05.07.2024** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

**Член 1**

Се дава согласност **ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици** предвиден со Законот за основно образование.

Согласноста се дава врз основа на Преглед на барана согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во **ООУ „Страшо Пинџур**“ Неготино со бр. **03-182/1** од **04.07.2024** година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08-554/5** **Совет на Општина Неготино**
**05.07.2024 година** **Претседавач,**

**Пепица Ѓорѓиева с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на потребата за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за учебната 2024/2025 година**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за учебната 2024/2025 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **05.07.2024** година.

**Бр.09- 570/4**
**08.07.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законор за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр.5/02), член 28 став 4 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Сл. весник на РСМ “ бр. 229/20) член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино “ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **05.07.2024** ја донесе следната

## О Д Л У К А

### За утврдување на потребата за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за учебната 2024/2025 година

**Член 1**

Се утврдува потребата за формирање на на паралелки со помал број ученици во прва година во учебната 2024/2025 година предвиден во Законот за средно образование за следните паралелки на **СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино** за формирање:

**Гимназиско образование вкупно 37 ученици во 4 паралелки :**

I 1- вкупно 7 ученици

I 2 - вкупно 7 ученици

I 3 - вкупно 7 ученици и 1 ученик со посебни образовни потреби кое носи уште две места

(за 8 ученици кои немаат потребен минимум од 60 поени да бидат запишани во гимназиско образование е поднесено барање до МОН за согласност да бидат запишани со помал број на поение ).

I 4 Билингвална ( двојазична ) - вкупно 16 ученици

**Сектор/Електротехника**

I 5 - Електротехничар за компјутерска техника и автоматика - вкупно 16 ученици

I 6 - Електротехничар за компјутерска техника и автоматика –паралелка со зголемен број на часови по практично образование - вкупно 15 ученици

I 7 – Електротехничар- енергетичар 18 ученици

**Сектор/Хемија и технологија**

I 8 – Хемиско лабораториски техничар – 19 ученици

I 9 – Прехранбен техничар - паралелка со зголемен број на часови по практично образование - вкупно 12 ученици

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08-554/6** **Совет на Општина Неготино**
**05.07.2024 година** **Претседавач,**

**Пепица Ѓорѓиева с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 11 / 2024

1. **Заклучок за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Демир Капија**

2. **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Демир Капија**

3. **Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

4. **Одлука за давање согласност на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

5. **Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

6. **Одлука за давање согласност на ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

7. **Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на потребата за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за учебната 2024/2025 година**

8. **Одлука за утврдување на потребата за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино за учебната 2024/2025 година**